| | | | |
|---|---|---|---|
| | 19.1. | Тестови: бодови | 60 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | 10 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | 30 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Falk Schwendicke | Management of Deep Carious Lesions | Springer Internationale publishing | 2018 |
| | | 2. | Лидија Поповска, Илијана Муратовска | Клиничка кариологија и терапевтски постапки | Ѓурѓа | 2017 |
| | | 3. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Василка Ренџова, Марина Ефтимоска | Длабоки кариозни лезии – етиологија, дијагноза и терапевтски можности | Аркус дизајн | 2023 |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |

Ред.број: 25

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од втор циклус на студии** |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | СОЦИЈАЛНО И ЗДРАВСТВЕНО ЗАКОНОДАВСТВО |
| 2. | Код | МСИПСЗ1 |
| 3. | Студиска програма | II циклус академски магистерски студии по стоматолошки науки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Стоматолошки факултет-Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 1 | семестар | 2 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 5 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Јулијана Николовска | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Слушани сите предмети од I семестар | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Запознавање со правната рамка на социјалната и здравствената дејност со цел стекнување на знаења за правилното работење во согласност со релевантните прописи, одговорностите кои произлегуваат од правната регулатива и превенирање на грешки во својата практика.<br><br>Студентот ќе стекне знаење за правните прописи кои ја уредуваат социјалната и здравствената дејност, правата и обврските на субјектите и правилна примена на обврските кои произлегуваат од правната регулација. | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Содржина на предметната програма:<br><br>**I. Теоретска настава:**<br>1. Меѓународни прописи кои ја уредуваат социјалната и здравствената заштита. – 2 часа<br>(Студентот ќе биде оспособен да ги опиште меѓународните организации и меѓународните прописи кои се однесуваат на социјалната и здравствена дејност).<br>**2.** Национални прописи кои ја уредуваат социјалната и здравствената заштита. – 2 часа<br>(Студентот ќе биде оспособен да ја знае хиерархијата на правните норми и видови на правни норми од област на социјалната и здравствената заштита)<br>3. Закони од областа на социјалната заштита – 2 часа<br>(Студентот ќе биде способен да ги наброи законите кои ја уредуваат социјалната заштита на Република Северна Македонија).<br>4. Закон за социјална заштита – 2 часа<br>(Студентот ќе знае да го објасни системот и организацијата на социјалната заштита, корисниците на социјалната заштита, правата и постапките за остварување на правата и користење на услугите, вршење на дејноста на социјалната заштита, кадрите, финансирањето и надзорот над вршењето на социјалната заштита и други прашања од значење за вршењето на дејноста на социјалната заштита).<br>5. Закони од областа на заштитата на децата – 2 часа<br>(Студентот ќе биде способен да ги наброи законите кои ја уредуваат заштитата на децата и системот и | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | организацијата за заштита на децата во Република Северна Македонија).<br>6. Закони од областа на работните односи – 2 часа<br>(Студентот ќе биде способен да ги наброи законите кои ги уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување во Република Северна Македонија како и вработување и осигурување во случај на невработеност).<br>7. Закон за безбедности и здравје при работа – 2 часа<br>(Студентот ќе биде оспособен да дискутира за мерките за безбедност и здравје при работа, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените од областа на безбедноста и здравјето при работа, како и превентивните мерки против професионалните ризици, отстранувањето на ризичните фактори за несреќа, информирање, консултирање, обука на работниците и нивните претставници и нивно учество во планирањето и преземањето на мерки за безбедност и здравје при работа).<br>8. Закони од областа на пензиското и инвалидското осигурување – 2 часа<br>(Студентот ќе биде способен да ги наброи законите кои го уредуваат пензиското и инвалидското осигурување во Република Северна Македонија и ќе можат да дискутираат за опфатот на осигурениците и нивните права кои се остваруваат од ова осигурување).<br>9. Закони од областа на здравственото законодавство – 2 часа<br>(Студентот ќе биде способен да ги наброи законите кои го уредуваат здравственото право во Република Северна Македонија и ќе можат да дискутираат).<br>10. Закон за здравствена заштита – 3 часа<br>(Студентот ќе биде способен да ги дискутира за системот и организацијата на здравствената заштита и вршењето на здравствената дејност, загарантираните права и утврдените потреби и интереси на државата во обезбедувањето на здравствената заштита, здравствените установи, вработувањето, правата и должностите, одговорноста, евалуацијата, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските на здравствените работници и здравствените соработници, квалитетот и сигурноста во здравствената дејност, коморите и стручните здруженија, рекламирањето и огласувањето на здравствената дејност, вршењето на здравствена дејност во вонредни услови и надзорот над вршењето на здравствената дејност).<br>11. Закон за лековите и медицинските средства – 3 часа<br>(Студентот ќе биде оспособен да дискутира за лековите и медицинските средства кои се употребуваат во хуманата медицина, условите и начинот за обезбедување на нивниот квалитет, безбедност и ефикасност, начинот и постапките за нивно производство, испитување, ставање во промет, промет, формирање на цени, контрола на квалитет, огласување и инспекциски надзор).<br>12. Закон за здравственото осигурување – 3 часа |

| | | |
|---|---|---|
| | | (Студентот ќе биде оспособен да дискутира за правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување во Република Северна Македонија).<br>13. Закон за заштита на правата на пациентите – 3 часа (Студентот ќе биде оспособен да дискутира за заштитата на правата на пациентите во користењето на здравствената заштита, должностите на здравствените установи и здравствените работници и соработници, општините и фондот за здравствено осигурување во унапредувањето и заштитата на правата на пациентите, постапката за заштита на правата на пациентите, како и надзорот над спроведувањето на законот)<br>**Вкупно: 30 часа**<br>**Вежби/Семинари: 30 часа**<br>**II. Студијска истражувачка работа (СИР):** Анализа на современи релевантни научно-истражувачки трудови и практични примери од област на социјалното и здравственото законодавство **- 30 часа** |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Овој предмет е поврзан со задолжителните предмети од студиската програма и овозможува стекнување на пошироки знаења на студентите за социјалното и здравственото законодоавство. |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Интерактивна настава (теоретска), работа во мали групи и други облици предвидени со заедничките критериуми на ЕКТС |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 150 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 30 |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), **<u>семинари</u>**, тимска работа: часови | 30 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | / |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојно истражувачка работа | 30 |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 60 |
| 18 | Услови за потпис | Редовна посета на предавања, вежби, активност на истите и освојување на минимум 51 бод од предвидените активности. Во испитен рок ќе полага писмен дел од испитот и тоа со 30 прашања x 2 бода= 60 бода и завршен испит 20 бода. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | Начин на оценување | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | 36-60 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | 0-20 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | 15-20 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 51 x до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 61 x до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, | |

| | | |
|---|---|---|
| | | како и проодноста на студентите кои го положиле предметот. |

<table>
<tr><td rowspan="10">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Ropac D. Stasevic I.</td><td>Socijalno i zdravstveno zakonodavstvo</td><td>Medicinska naklada, Zagreb</td><td>2018</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Николовска Ј, Коколански В.</td><td>Авторизирани предавања</td><td>Стоматолошки факултет - Скопје</td><td>2023</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Донев Д., Спасовски М., Тозија Ф., Ќосевска Е.</td><td>Социјална медиицна</td><td>Медицински факултет - Скопје</td><td>2013</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Tulchinsky T, Varavikova E.</td><td>The new public heath:Third Edition.</td><td>Elsevier, Academic Press</td><td>2014</td></tr>
</table>

Ред.број: 26

<table>
<tr><td colspan="2">Прилог бр.3</td><td colspan="4">Предметна програма од втор циклус на студии</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">НАУЧНИ АСПЕКТИ НА ДЕНТАЛНИ КЕРАМИЧКИ СИСТЕМИ</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">МСИПКС2</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Втор циклус на академски (магистерски) студии на стоматолошки науки за доктори по дентална медицина</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Стоматолошки факултет – Скопје, УКИМ<br>Катедра по стоматолошка протетика</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет циклус)</td><td colspan="4">Втор (II) циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година / семестар</td><td>Година</td><td>1</td><td>семестар</td><td>II</td></tr>
<tr><td>7</td><td>Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити</td><td colspan="4">5</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)</td><td colspan="4">Проф. Емилија Бајрактарова Ваљакова</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="4">Македонски јазик</td></tr>
</table>